**ИЗВЕШТАЈ ПО ПРОГРАМАТА
ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ТИМ БИЛДИНГ ЗА 2025 ГОДИНА**

***Вовед***

Стручно усовршување на вработените претставува процес на нивно прилагодување кон современите услови на работење и овозможува стекнување нови знаења и практични вештини потребни за извршување на работните задачи, како и за успешно справување со барањата на работното место.

Поради наведеното по иницијатива на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, одделението за човечки ресурси подготви Програма, а врз основа на истата го подготви овој извештај по програма за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2025 година.

***Програма за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2025 година***

Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година 06.12.2024 година ја донесе Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2025 година, заведена под број Бр.09-6043/21 од 06.12.2024 година, а објавена во Службен Гласник на општина Крива Паланка број 13/2025.

Целта за донесување на програмата беше да се обезбеди стручно усовршување на вработените и тим билдинг со воспоставување на функционален систем за управувањето со човечки ресурси кој осигурува дека организацијата има луѓе што и се потребни, кога и се потребни и дека тие се добро квалификувани и мотивирани добро да ја вршат својата работа на ниво на Општина Крива Паланка. Предвидени средства за реализација на програмата изнесуваше 1.000.000 денари

Со оваа програма Општината исцрта планирана рамка за реализација на процесот на развој на човечкиот капитал за 2025 година.

***Структурни податоци за вработените во Општина Крива Паланка***

За да може да се направи анализа подолу се дадени поделби по одредени структури со податоци од месец 31 Декември 2025 година:



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

**Структура на вработените според групи**

- Административни службеници 56
- Помошно технички лица 6
- Овластени службеници од областа на безбедноста- пожарникари 17




**Структура на вработените според пол**

- Жени 30
- Мажи 49




**Структура на вработените раководни/нераководни**

- Раководни и Командир на ТППЕ 13
- Нераководни 66




**Структура на вработените според образование (при засновање на работен однос)**

- Високо 44
- Вишо /
- Средно 35
- Основно /




**Старосна структура**

- До 35 години 14
- 36 – 50 години 38
- Над 50 години 27




**Работни места на административни службеници жени / мажи**

Ознака **жени** **мажи**



**Работни места на помошно технички лица**




**Работни места на пожарникари**




***Начин на спроведување на процесот за стручно усовршување на вработените.***

Процесот на стручно усовршување на вработените во 2025 година се реализираше преку различни форми на учење и стекнување нови знаења и вештини: еднодневни или повеќедневни семинари, работилници, обуки на самото работно место, курсеви, конференции и слично.

Беа предвидени генерички и специјализирани обуки.

Согласно на Законот за административни службеници, годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2025 година во Годишниот план за обуки на административни службеници на општина Крива Паланка за 2025 година беа предвидни по минимум 5 генерички обуки на административни службеници, а по одобрување на планот од страна на тогашното Министерството за информатичко општество и администрација со Решение беше донесен планот за обуки. Обуките  поради технички проблеми со системот за управување со учење во поголем дел не се реализирани. Земајќи го во предвид фактот дека во Каталозите за генерички обуки на административни службеници во изминатите неколку години се повторуваат истите обуки, а поголем дел од административните службеници ги имаат поминато во електронскиот систем за управување со учење може да се заклучи дека вработените веќе ги имаат проследено генеричките обуки.

За потребите на административните службеници согласно на областа и специјалноста на која работат беа посетени и специјализирани обуки, односно одржани советувања, обуки на работно место и слично.

***Настани за стручно усовршување за 2025 година:***

| ***Настанот е одржан*** | ***Вработени*** | | | | ***Тип на настан / Тема / организатор*** | ***Финансии денари*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Раководини*** | | ***Нераководни*** | | | |
| | ***Ж*** | ***М*** | ***Ж*** | ***М*** | | |
| 2025 | 1 | | 3 | | Семинар за завршна сметка *Здружение на финансиски работници* | 15.750 |
| 2025 | | | 2 | | Работилница за подготовка на Буџет *СНИ БДИ* | 8.000 |
| 2025 | 1 | 1 | | 1 | Обуки за сертифициран тренер за проект менаџмен циклус | донација |
| 2025 | | 1 | | | Обуки за сертифициран тренер за ПРАГ | донација |
| 2025 | 1 | | 2 | | Обука за ISO Стандардизација Интерен проверувач ISO 9001 | 22.373 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *Интерцерт* | |
| 2025 | | | 2 | | Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите на Југоисточна Европа- НАЛАС Академија | 0,0 |
| 2025 | 1 | | 1 | | Обука за стратешки пристап кон перманентно образование и професионален развој на менаџери *Интелект ББ* | 124.000 |
| 2025 | 2 | | | | Новини во законската регулатива за државна администрација Обука за ЗВЈС *АЦТ – друштво за консултантски услуги* | 11.564 |
| 2025 | 1 | | | | Национална конференција за безбедност на сообраќајот во локалната самоуправа | 0,0 |
| 2025 | | | | 2 | Тренинг за запознавање со QGIS системи, основи во хидраулични системи и изработка на модел за поплави | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 1 | Регионално управување со отпад | 0,0 |
| 2025 | | 1 | 1 | | Закон за инспекциски надзор | 7.000 |
| 2025 | | 1 | 1 | | Обуки за користење на модернизираната верзија на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (HRMIS) | 0,0 |
| 2025 | | 1 | 1 | | Обука за даноците на имот | 11.020 |
| 2025 | 1 | | | | Обука за ЕСЈН | 6.726 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - Прописи од областа на заштитата од пожари *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - ПП опасности и мерки за заштита *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - ПП справи и опрема *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - ПП тактика *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - Практични вежби *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - Прва Помош *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 | | 1 | | 16 | - Учење на улици, хидрантска мрежа и објекти *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - Вежби за физичка активност *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |
| 2025 | | 1 | | 16 | - Тактичка вежба *ТППЕ Крива Паланка* | 0,0 |

Од погоре наведената табела може да се заклучи следното
Одржани се 24 настани за стручно усовршување на вработените:

Настаните ги проследиле : раководни жени 8, нераководни жени 13, раководни мажи 15, нераководни мажи 148; а согласно на групите ги посетиле административни службеници и пожарникари.

За спроведување на стручното усовршување за 8 настани биле исплатени 206.433 денари, со донација се реализирани 2 настани и 14 настани се одржани без финснсиски импликации;

Области на стручно усовршување кои беа опфатени се следните финансии, локален економски развој  родова еднаквост, сообраќај, комунална инфраструктура, даноци, такси и други надоместоци, човечки ресурси, еднакви можности, заштита на животна средина, урбанизам, заштита и спасување и друго.

Во текот на 2025 година Општина Крива Паланка не организираше посебен тим билдинг настан, но и покрај тоа, преку разни други активности го потикнуваше тимскиот дух кај вработените за да може да се постигнат поголеми резултати како што се одржувањето на неделните, месечните и годишните состаноци и колегиуми, погореспоменатите специјализирани обуки, семинари, работилници на раководниот и нераководниот човечки потенцијал во општината.

Одделение за човечки ресурси
Раководител
Игор Додевски